# Дали сте загрижени

## за **промената** во вашата **состојба** или **состојбата** на ваш најблизок која се случи неодамна?

**Ако забележете загрижувачка промена во вашата состојба, или во состојбата на лицето што го негувате, следете ги следните чекори.**

**1** **Известете ја медицинската сестра или докторот за тоа што ве загрижува.**

**2** **Ако тие не ви помогнат во врска со тоа што ве загрижува, замолете ја главната медицинска сестра да организира ‘clinical review*’ (клинички преглед*). Прегледот треба да се направи во рок од 30 минути.**

*Тоа е преглед на здравствената состојба на пациентот што го прави доктор или медицинска сестра.

**3** **Ако и понатаму сте загрижени, телефонирајте му на тимот за ургентни случаи на телефонскиот број ‘R.E.A.C.H.’.**

**Можете да се јавите од телефонот покрај вашиот кревет или да побарате да користите телефон од одделот.**

**Вашиот R.E.A.C.H. број е:**

**Телефон:** 2222 from a ward phone

**Болница:** Cumberland Hospital

| | |
|---|---|
| R | Recognise |
| E | Engage |
| A | Act |
| C | Call |
| H | Help is on its way |

®

**Запамтете:** Прво, зборувајте со вашата медицинска сестра или докторот. Тие можеби ќе можат да ви помогнат во врска со тоа што ве загрижува.

## Заедно сме одличен тим

NSW GOVERNMENT

R.E.A.C.H. was developed by the NSW Clinical Excellence Commission

## ШТО Е R.E.A.C.H.?

R.E.A.C.H. е систем за пациентите, нивните семејства и негуватели преку кој тие може да го известат персоналот за работите кои ги загрижуваат во врска со вознемирувачки измени во состојбата на пациентот. Знаеме дека вие најдобро се знаете самите себе или лицето што го негувате.

## КАКО РАБОТИ СИСТЕМОТ?

Можете да забележите вознемирувачка промена во вашата состојба или во состојбата на лицето што го негувате, или серозно да бидете загрижени за неа.

↓

Ако дојде до тоа, зборувајте со медицинската сестра или докторот. Кажете им што ве загрижува.

↓

Ако тие не ви помогнат или ако состојбата се влошува, побарајте да разговарате со главната медицинска сестра. Замолете ја да организира "Clinical Review". Прегледот треба да се направи во рок од 30 минути.

↓

Ако и понатаму сте загрижени, телефонирајте му на тимот за ургентни случаи на телефонскиот број 'R.E.A.C.H.'. Телефонирајте на бројот кој се наоѓа на задниот дел од оваа страница. Можете да се јавите од телефонот покрај вашиот кревет или да побарате да користите телефон од одделот.

↓

Веднаш потоа, медицинска сестра или доктор ќе дојдат за да испитаат што ве загрижува.

## КАКО ДА МУ СЕ ЈАВАМ НА ТИМОТ ЗА УРГЕНТНИ СЛУЧАИ?

Ако не зборувате англиски јазик, замолете ја вашата медицинска сестра да ви најде преведувач или замолете некој друг да телефонира наместо вас.

## КАКО ДА ТЕЛЕФОНИРАТЕ НА R.E.A.C.H. БРОЈОТ

**Кажете му на телефонистот:**

- ☐ **Кој сте – пациент, член од семејството или негувател**
- ☐ **Дека сакате да се јавите на 'R.E.A.C.H.' бројот**
- ☐ **Името на одделот**
- ☐ **Бројот на вашиот кревет, или на креветот на лицето што го негувате.**

## ДАЛИ ЌЕ ГО НАВРЕДАМ ПЕРСОНАЛОТ АКО СЕ ЈАВАМ НА R.E.A.C.H. БРОЈОТ?

**Не.** Сакаме пациентите, негувателите и семејствата да бидат вклучени во лекувањето. Соработувајте со нас за да ви овозможеме вам, или на лицето што го негувате, да имате најдобро искуство за време на вашиот престој во болница.

## ШТО ДА ПРАВАМ АКО ИМАМ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ?

Ве молиме, разговарајте со вашата медицинска сестра или доктор. Тие може да организираат некој преведувач да ви ги објасни информациите, и тоа бесплатно.

NSW GOVERNMENT

**Заедно сме одличен тим**

R.E.A.C.H. was developed by the NSW Clinical Excellence Commission